МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 36 став 4 од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА УВОЗНИЦИ НА ОДДЕЛНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ

## Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските услови за упис во регистарот на увозници на одделни земјоделски производи.

## Член 2

Правното лице кое врши увоз на меркантилна пченица треба:

- да е микро, мало, средно или големо претпријатие согласно Законот за земјоделство и рурален развој со најмалку три вработени лица на неопределено време;

- да е запишан во Централниот регистар на Република Македонија за вршење на дејност за производство на мелнички или пекарски производи и тестенини; за трговија на големо со жита и за складирање на стока.

- да е солвентно во смисла на целосно намирени обврски за откуп од претходната производна година;

- да има објекти и опрема за преземање: кип платформа, приемен бункер, машинска куќа и комора или вреќи за отпадоци, статична вага и опрема за чистење на зрното;

- да има објекти за привремено (подно) складирање во тенки слоеви, во вреќи или во контејнери;

- да има опрема за квалитетно сместување (складирање) и чување во непакувана (рефусна) состојба: мерни проточни ваги, хоризонтални и вертикални елеватори за транспорт на зрното

до ќелиите и опрема за оценка на квалитетот на зрното при приемот и излезот на зрното од складиштето;

- да има опрема за оценка и сортирање на квалитетот на зрното: влагомер, апарат за определување на хектолитарската маса, апарат за мерење на присуство на примеси или сито со отвори од 2,8 мм за определување на примеси;

- да има склучен договор за продажба на целата количина на увезена меркантилна пченица со исклучок на правното лице кое врши увоз заради преработка за сопствени потреби.

**Член 3**

Правното лице кое врши увоз на брашно од пченица покрај условите од член 2 алинеи 1, 2 и 3 од овој правилник треба да има:

- објект за прием на брашно- магацин за чување на брашно;

- објекти и опрема за сортирање: мешалка на брашно (хомогенизатор), лабораторија опремена со следната опрема: фаринограф, екстензограф, амилограф, печка за одредување на содржината на пепел, апарат за одредување на седиментација по Зелен (Zeleny), апарат за одредување на содржината на глутен;

- објекти и опрема за квалитетно сместување (складирање) и чување на брашното: бункери (комори или ќелии) или магацин за чување на брашно во вреќи наизменично наредени во слоеви (од два до три) на палети со носивост до 1 тон/палета;

- превозни средства, односно опрема за транспорт и прием на брашно (цистерна, за транспорт на брашно во непакувана форма) и во пакувана на начин со кој ќе се обезбеди задржување на квалитетот и хигиенската исправност на брашното,

- склучен договор за продажба на целата количина на увезено брашно, со исклучок на правното лице кое врши увоз заради преработка за сопствени потреби.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 08-6986/6
19 јули 2010 година
Скопје

Министер,
Љупчо Димовски, с.р